Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Правен факултет „Јустинијан Први“
Бр. 02-871/3
17.09.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 16.09.2020 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти на прв циклус на студии**

I. По барање на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје доставено на 03.09.2020 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година (продолжување на септемвриска испитна сесија) за студенти кои студираат на прв циклус на студии, без административен надомест.

II. Право на пријавување и полагање на испит/и во дополнителната испитна сесија имаат студентите кои имале право да пријават и да полагаат испит/и во есенскиот испитен рок 2020 година (септемвриска испитна сесија).

III. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 28 септември до 9 октомври 2020 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

IV. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната испитна сесија се должни електронски да пријават испит/и, согласно начин и распоред за пријавување испити којшто ќе биде објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, интернет страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,

Проф.д-р Горан Коевски

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-871/4
17.09. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 16.09.2020 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА
## за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти на втор циклус на студии

I. По барање на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје доставено на 03.09.2020 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година (продолжување на септемвриска испитна сесија) за студенти кои студираат на втор циклус на студии, без административен надомест.

II. Право на пријавување и полагање на испит/и во дополнителната испитна сесија имаат студентите кои имале право да пријават и да полагаат испит/и во есенскиот испитен рок 2020 година (септемвриска испитна сесија).

III. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 28 септември до 9 октомври 2020 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

IV. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната испитна сесија се должни електронски да пријават испит/и, согласно начин и распоред за пријавување испити којшто ќе биде објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, интернет страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,

Проф.д-р Горан Коевски